Набивањето на набивните столпчиња ќе се изведе со посебна машина со хидрауличен чекан, како на слика 8. Со претходно утврден детален геодетски план се одредува локацијата, односно координатите на секое набивно столпче во парцелата и истото се набива во вертикална позиција (слика 8 а) со удари на хидрауличниот чекан, до нивелираната висина над теренот (слика 8 б).

а)

б)

Слика 8. Набивање на железно-поцинковани П-профилирано столпче во земја

Откако сите столпчиња ќе се набијат во земја, се добива носечкиот фундамент на металната конструкција на ФВ модули за целата ФВ електрана, кој треба да изгледа како на слика 9.

Слика 9. Фундамент од набиени П-профилирани железно-поцинкувани столпчиња во земја.

Со заштрафување според одреден начин на множеството од железно-поцинкуваните цевки меѓусебно и врз П-профилираните набиени столпчиња во земја, се формира носечката конструкција на ФВ модули, која треба да изгледа како на сликата 10. Во постапката на градба на челично решеткастата конструкција, не е дозволено електрично заварување помеѓу елементите на конструкцијата.

Слика 10. Монтирана Fe-Zn носечка конструкција врз набиени столбчиња во земја

По завршување со монтажата на металната конструкција, помеѓу редовите ќе треба да се распределат палетите во кои ќе бидат спакувани ФВ модули. Монтажата на ФВ модули врз металната конструкција се врши со нивно заштрафување врз конструкцијата со посебно изработени алуминиумски држачи кои треба да налегнуваат на алуминиумската рамка на модулите. Постапката на монтажа на ФВ модули прикажана е на сликата 11.

Слика 11. Монтажа на ФВ модули врз метална носечка конструкција

Помеѓу два соседни модули во еден ред како и помеѓу долниот и горниот ред на модулите, се остава простор од околу 20 mm. Помеѓу полињата на ФВ модули (дел од конструкцијата на која се монтирани два реда по 10 модули) се остава

Д-р НАТАША МОЈСОСКА
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
А.4.
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

растојание од околу 30 cm. Полињата се спојуваат со т.н. Ω (омега) спојка за изедначување на потенцијалите.

7.3 DC/AC инвертор и електричен развод

На излезот на секој фотоволтаичен стринг ќе се произведува електрична енергија на еднонасочен напон и струја. За да може оваа енергија да се искористи за сопствени потреби од електричните потрошувачи во објектот на инвеститорот, а вишокот да се пласира во дистрибутивната електрична мрежа, потребно е истата да се трансформира во електрична енергија во наизменичен напон и струја (AC). За таа цел сите стрингови се приклучуваат на DC/AC инвертер, чија улога е да ја трансформира електричната енергија произведена со еднонасочен напон и струја во електрична енергија со наизменичен напон и струја, со минимални загуби на енергија во самиот инвертор.

Во овој проект предвидени се осум трофазни инвертори GW250K-HT од кинескиот производител GoodWe или слични од друг производите на пр. HUAWEI, SUNGROW, со дадени карактеристики на следната слика со номинална моќност од 250 kW секој со по 12 MPPT (Maximal Power Point Tracker) влезови на DC страната, каде ќе се поврзуваат ФВ стрингови.



Слика 12. Изглед и димензии на инвертор GoodWe тип GW250K-HT со моќност 250 kW.

Technical Data	Технички карактеристики	GW250K-HT
Input	**Влез**	
Max. Input Voltage (V)	Максимален напон на влез	1500
MPPT Operating Voltage Range (V)	Опсег на MPPT работен напон	500 ~ 1500
Start-up Voltage (V)	Напон на	550
Nominal Input Voltage (V)	Номинален напон на влез	1160
Max. Input Current per MPPT (A)	Максимална струја на MPPT	30
Max. Short Circuit Current per MPPT (A)	Макс. Струја на куса врска по	50
Number of MPP Trackers	Број на MPP тракери	12
Number of Strings per MPPT	Број на стрингови по MPPT	2
Output	**Излез**	
Nominal Output Power (kW)	Номинална излезна (активна) моќност	250
Nominal Output Apparent Power (kVA)	Номинална излезна привидна моќност	250
Max. AC Active Power (kW)	Макс. AC активна моќност	250
Max. AC Apparent Power (kVA)	Макс. AC привидна моќност	250
Nominal Output Voltage (V)	Номинален напон на излез	800, 3L / PE
Nominal AC Grid Frequency (Hz)	Номинална фреквенција на AC	50 / 60
Max. Output Current (A)	Макс. струја на излез	180.5
Power Factor	Факторот на	~1 (Adjustable from 0.8 leading to 0.8 lagging)
Max. Total Harmonic Distortion	Макс. дисторзија на сите	<3%
Efficiency	**Ефикасност**	
Max. Efficiency	Максимална ефикасност	99.0%
European Efficiency	Европска ефикасност	98.5%

Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360 А.4.

General Data	
Operating Temperature Range (°C)	-30 ~ +60
Relative Humidity	0 ~ 100%
Max. Operating Altitude (m)	5000 (>4000 derating)
Cooling Method	Smart Fan Cooling
User Interface	LED (LCD optional), Bluetooth + APP
Communication	RS485 or PLC
Communication Protocols	Modbus RTU
Weight (kg)	111
Dimension (W × H × D mm)	1091 × 678 × 341
Topology	Non-isolated
Self-consumption at Night (W)	<18
Ingress Protection Rating	IP66
DC Connector	MC4-Evo2 (4 ~ 6mm²)
AC Connector	OT / DT terminal (Max. 300mm²)

Кабелскиот развод од стринговите до инверторите се изведува со кабли отпорни на UV-зрачење PV1-F 1x6mm2, на пример Hikra, Radox Solar Cabels или Lapp Cable. Кабелскиот развод од АС страната на инверторите до разводната табла за низок напон поврзана на нисконапонските собирници во трафостаницата 10(20)/0,8(0,4) kV/kV, се изведува со бакарни или алуминиумски кабли од типот PP 00 –Y 4x(потребен пресек mm2) 0,6/1 kV - ознака по МКС Н.Ц0.006 (или по DIN VDE 0276-603 HD 603.1 ознака NYCWY, NYY, NAYY). При поголеми пресеци на каблите погодно е да се користат едножилни кабли. Изборот на пресекот и должината на каблите е условен од трајно дозволената струја, падот на напонот, издржливост на струи на куси врски и загубите на електрична енергија. Каблите од АС страната на инверторите ќе бидат поврзани во разводната табла во трафостаницата преку соодветно димензионирани, автоматски заштитни прекинувачи.

DC каблите ќе се разведуват на кабелски регали на металната носечка конструкција (позади ФВ модули), а АС каблита ќе се полагаат во ров, во земја. Полагањето на каблите во цевки вкопани во земја се избегнува заради опасноста од нивно оштетување од глодари, но каде што е неопходно може да се примени.

7.4 Заштита од напон на допир, напон на чекор и атмосферски празнења

Намотките на енергетските трансформатори во трафостаницата ќе бидат во спрега Dy5, односно 10 (20) kV намотка во спрега триаголник, а нисконапонската намотка од 0,8 kV во спрега ѕвезда со заземјено ѕвездиште. Бидејќи се работи за трафостаница 10(20)/0,8(0.4) kV/kV, која кабелски ќе биде поврзана на среднонапонска дистрибутивна мрежа, работното и заштитното заземјување на трафостаницата ќе биде изведено како заедничко заземјување т.е. здружено заземјување со еден заземјувач.

Инверторот тип GW250K-HT може да работи во различни типови на нисконапонски НН мрежи прикажани на слика 13, со различен начин на заштита од индиректен допир.



Слика 13. Начини на приклучок на инверторот GW250K-HT во различни типови на НН

За заштита на луѓето од опасен напон на допир во ФВ електрана ќе биде применет TN-C-S системот. Кај овој систем на заштита неутралната точка на трансформаторот на нисконапонска страна (ѕвездиштето) е директно поврзана со здружениот заземјувач. Во разводната табла RT преку спојница со здружениот заземјувач и неутралната точка, преку заштитни спроводници и заштитна Fe-Zn лента се поврзуваат и сите други метални делови на конструктивните елементи на ФВ електрана. Кон здружениот заземјувач со Fe-Zn ленти се поврзани и металните конструкции (на кои се монтирани ФВ модули), а преку конструкциите поврзани се и набивните клинови (столбчиња) кои имаат функција и на стапести заземјувачи.
Упростената шема на примена на овој систем на заштита во ФВ електрана, каде во погон истовремено има уреди за наизменичен напон и уреди за еднонасочен напон, прикажана е на слика 14. Заштитните уреди не се прикажани на шемата.



Слика 14. Шема на примена на TN-C-S систем на заштита во објектот

Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360
А.4.

Алуминиумските рамки на ФВ модули поврзани се со металната носечка конструкција. Галванската врска помеѓу одделни делови од металната конструкција кои не се конструктивно поврзани, се прави со железно-поцинкувани, алуминиумски или бакарни т.н. Ω (омега) - спојки, соодветно по потреба.

Здружениот заземјувач на трафостаницата прикажан на слика 15, се реализира со два правоаголни прстени од челично поцинкувана лента Fe-Zn 40x4 mmxmm. Првиот прстен може да биде во темелот на трафостаницата на длабочина од 50 cm, а вториот на растојание не помало од 1 m од првиот престен и вкопан на длабочина од 80 cm. Во темињата на вториот прстен се поврзуваат 4 сонди од дебелосидни железни-поцинкувани цевки со пречник од 60 mm и должина од max 3 m, кои се набиваат во земја.



Слика 15. Здружен заземјувач во трафостаницата за TN-C-S систем на заштита во ФВ

Изедначувањето на потенцијалот во TS и заземјувач како на слика 15, во случај на куса врска на фазен спроводник со земја, ќе обезбеди заштита од индиректен допир, рамно-мерна и не стрмна распределба на потенцијалот на земјата околу трафостаницата и на површината на ФВ електрана (и нејзината блиска околина), односно безбеден напон на чекор.

За заштита од атмосферски празнења (удари на гром) во ФВ електрана треба да се монтираат два раностартирачки громобрани со брзо дејство од 60 μs. Како громобрани може да се употребат: тип TESLA – S60 од производителот Pittas – Dragnis Co. од Грција (со висина на столбот H=8 m од кота на терен) или тип Веда Тотал ΔT=60 μs, од производителот Дарис Инженеринг од Скопје со висина на столбот H=5 m. Громобраните треба да бидат комплетирани со раностартирачки фаќач на врвот т.е. горни електроди, цевкаст столб и основа со заземјувач, како на слика 16 а). Со овој тип на громобрани може да се обезбеди радиус на заштита на I ниво од 79 m и II ниво од 97 m. Нивната локација на парцелата КП 298 прикажана е во графичките прилози. Заземјувањето на громобраните треба да биде изведено со посебен заземјувач како на слика 16б), со профилирани поцинкувани железни колци.

Во случај на атмосферско празнење, односно удар на гром на површината на ФВ електрана, преку прифатните раностартувачки громобрански сонди, железно-поцинкованата конструкција и заземјувачкиот систем со мал ударен отпор, електрицитетот безбедно ќе се одведе во земја, без да предизвика оштетување на опремата, опасни потенцијали, пожар или загрозување на човечки животи.

а)



б)

Слика 16. а) Стапест раностартирачки громобран TESLA – S60, б) заземјување на

Откако ќе се направат заземјувачите во ФВ електрана, потребно е да се изврши мерење на отпорот на заземјувачите. Дозволени вредности според техничките прописи се: за отпорот на распростирање на здружениот заземјувач $R_z \leq 2\ \Omega$ и за ударниот отпор на громобранскиот заземјувач $R_u \leq 10\ \Omega$. Доколку не може да се постигне вредноста на ударниот отпор на громобранскиот заземјувач, истиот може да се поврзи со здружениот заземјувач.

7.5 Заземјување

Секциите од фотонапонски модули кои се прицврстени на металната конструкција се поврзуваат меѓусебно со струјни мостови од жолто-зелен проводник, се поврзуваат на громобранската инсталација и на работното заземјување во објектот преку шината за заземјување во DC собирниот ормар, која се поврзува со шината за заземјување во ормарите на наизменична струја. Сите инвертори преку жолто-зелен проводник кој соодветствува на добиениот пресек на повеќежилниот енергетски кабел се поврзуваат со шината за заземјување во ормарите на наизменична струја. Шината за заземјување во овие ормари се поврзува со шината за заземјување во предвидената разводна табла која преку шината за заземјување во мерниот разводен ормар на објектот е поврзана со работното заземјување или темелниот заземјувач во зависност од типот на системот за заземјување на објектот (TN-C, TN-C-S, TN-S или TT). За заштита од индиректен напон на допир сите метални делови од електраната кои не се носители на струја т.е. во нормални работни услови не се под напон, се поврзуваат на заштитното заземјување. Еквивалентната отпорност на сите

заземјувачи со кои е поврзан заштитно-неутралниот проводник на нисконапонската мрежа, мерена кај напојната трансформаторска станица без одвојување на заземјувачот на трансформаторската станица, не смее да биде поголема од 5Ω. Инвеститорот треба да го мери отпорот на заштитното заземјување секои две години и притоа доколку вкупниот отпор изнесува повеќе од 5Ω, должен е да превземе мерки за да го намали отпорот.
Изведувачот нема никаква одговорност при зголемување на отпорноста на заштитното заземјување бидејќи заземјувањето се смета како испроектирано и завршено при изградбата на објектот. Пред пуштање на фотонапонската електрична централа во работа се мери отпорот на заштитното заземјување и добиените вредности се искажуваат во стручен извештај.

Пресметка на техничките перформанси

Со користење на софтверскиот пакет PVGIS со влезни зададени податоци за локацијата координати, агол на наклон и азимут за ФВ електрана со инсталирана моќност од 2151.25kW, може да се усвои дека годишното производство на електрична енергија би било 2787500.54 кWh со одредени отстапувања во производството од ±5.78 % годишно.



3.8. Автоматска работа, надзор и управување

Концептот на работа на ФВ електрана е со децентрализирани трофазни инвертори, кои работаат синхронизирано. Во текот на работата потребно е следење на сите работни параметри на инверторите, но и други параметри како што се вкупната произведена електрична енергија, температурата на околината, брзината на ветерот и др.
Целиот процес на производство на електрична енергија ќе биде автоматски надгледуван и контролиран со компјутерски систем SCADA (Supervising Control And Data Acquisition) чија организациска структура е прикажана на слика 17. Сите податоци во врска со работата на инверторите како и податоците од локалната мини метеоролошка станица може да бидат снимани во одредени датотеки во локаниот компјутер.

Д-р НАТАША МОЈСОСКА
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
А.4.
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360



Слика 17. Блок шема за надзор на работата на ФВ електрана и пренос на податоци.

Трафостаница 10(20)/0,8 kV/kV, 2x1000 kVA

Бидејќи се работи за ФВ електрана со релативно голема моќност, приклучокот кон дистрибутивната мрежа ќе се реализира преку трансформаторска постројка чија изглед е прикажан на слика 18. Вградените трансформатори во трафостаницата во зависност од моќноста на ФВ модулите ќе бидат со моќност 2x1000 kVA, со преносен однос 10(20)/0,8(0,4) kV/kV.

Слика 18. Контејнерска TS 10(20)/0,8 kV, 2x1000 kVA.

Д-р НАТАША МОЈСОСКА
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
А.4.
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

Изборот на типот на среднонапонските ќелии ќе биде според стандардот на ЕВН за трафостаници среден напон/низок напон. Нисконапонската разводна табла ќе содржи 4 (плус еден резервен) автоматски заштитни прекинувачи на кои ќе бидат приклучени излезните АС кабли од инверторите. Собирницата на низок напон на разводната табла, преку главен заштитен прекинувач ќе биде приклучена на нисконапонската намотка 0,8 (0,4) kV на трансформаторот. Бидејќи трансформаторот содржи помала количина на масло од 1000 kg, според член 22 и член 29 од Правилник за техничките нормативи за заштита на електроенергетските постројки и уреди од пожар, не е неопходна јама за прифаќање на маслото.

Трафостаницата треба да се постави на западната страна од парцелата (во средишниот дел) на тампонирана основа, која треба да биде подигната неколку десетини сантиметри од површината на земјата. Според техничките прописи и препораки, за трафостаницата треба да биде димензиониран и вкопан во земја соодветен заземјувач.

Блок шема на електричните врски на елементите во ФВ електрана

Начинот на поврзување на електричната опрема во ФВ електрана прикажан со блок дијаграм, даден е на слика 19. На оваа слика се дадени само основните врски со цел да се види кои делови од опремата и на кој начин се поврзани. Деталниот начин на поврзување на ФВ стрингови со инверторите и инверторите со нисконапонската разводна табла, прикажан е во графичкиот цртеж бр. 3 и 4. Еднополна шема на DC/AC врски Инвертори-Разводна табла.



Слика 19. Блок шема на ФВ електрана

Приклучок на PV електрана на дистрибутивната електрична мрежа Фотонапонската електрана со среднонапонски кабелски вод ќе биде приклучена кон дистрибутивниот систем на ЕВН. Бидејќи се работи за PV електрана со релативно

Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360
А.4.

голема моќност, приклучокот кон дистрибутивната мрежа ќе се реализира преку трансформаторска постројка со трансформатор од 2x1000 kVA 10(20)/0,8 kV. За трафостаницата треба да биде димензиониран и вкопан во земја соодветен заземјувач, според техничките прописи и препораки. Поврзувањето на трафостаницата со 10 kV дистрибутивен подземен вод треба да се изведе со три едножилни кабли за напонско подрачје од 24 kV под земја до дистрибутивната мрежа на ЕВН.

Изработил: д.е.и Наташа Мојсоска	А.4. Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

Performance of grid-connected PV

PVGIS-5 estimates of solar electricity generation:

Provided inputs:

Latitude/Longitude:	41.081,21.361
Horizon:	Calculated
Database used:	PVGIS-SARAH
PV technology:	Crystalline silicon
PV installed:	2152.25 kWp
System loss:	14 %

Simulation outputs

Slope angle:	25 °
Azimuth angle:	0 °
Yearly PV energy production:	2787500.54 kWh
Yearly in-plane irradiation:	1694.81 kWh/m²
Year-to-year variability:	161230.54 kWh
Changes in output due to:	
Angle of incidence:	-2.82 %
Spectral effects:	0.87 %
Temperature and low irradiance:	-9.35 %
Total loss:	-23.58 %

Outline of horizon at chosen location:



Monthly energy output from fix-angle PV system:



Monthly in-plane irradiation for fixed-angle:



Monthly PV energy and solar irradiation

Month	E_m	H(i)_m	SD_m
January	115705.6	64.8	37276.9
February	143867.8	81.0	47445.1
March	217238.0	125.8	35147.8
April	266155.4	159.6	32694.2
May	301728.4	185.5	22671.4
June	319044.2	200.1	21209.1
July	348039.2	222.8	25211.8
August	337055.2	216.4	19337.9
September	255070.6	158.3	28809.4
October	209518.1	124.8	30277.5
November	158454.9	70.4	31304.8
December	115623.6	65.3	34295.4

E_m: Average monthly electricity production from the defined system [kWh].

H(i)_m: Average monthly sum of global irradiation per square meter received by the modules of the given system [kWh/m²].

SD_m: Standard deviation of the monthly electricity production due to year-to-year variation [kWh].

The European Commission maintains this website to enhance public access to information about its initiatives and European Union policies in general. Our goal is to keep this information timely and accurate. If errors are brought to our attention, we will try to correct them. However, the Commission accepts no responsibility or liability whatsoever with regard to the information on this site.

It is our goal to minimise disruption caused by technical errors. However, some data or information on this site may have been created or structured in files or formats that are not error-free and we cannot guarantee that our service will not be interrupted or otherwise affected by such problems. The Commission accepts no responsibility with regard to such problems incurred as a result of using this site or any linked external sites.

For more information, please visit https://ec.europa.eu/info/legal-notice_en

Joint Research Centre

PVGIS ©European Union, 2001-2024.
Reproduction is authorised, provided the source is acknowledged, save where otherwise stated.

Report generated on 2024/02/22

C. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ



d.o.o.e.l.,,FORMI,, BITOLA
Друштво за проектирање,производство, трговија и услуги Битола
ул. "Бул. Први Мај" бб Битола
+389 47 202 701 +389 47 202 702
+389 47 254 422 факс
E-mail mimis@t-home.mk

лиценца за проектирање	А	бр. 022/А	Б	бр.

објект:

ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈА) со намена **Е 1.13** ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1MW

локалитет:

КП4279/1 КП 4280 И КП 4283,
КО КУКУРЕЧАНИ, ОПШТИНА БИТОЛА

инвеститор:

Сан Сајд ФТЦ ДОО Битола

фаза:

Е ЕЛЕКТРОТЕХНИКА | Г.В. | В.И. | К.И. | С.П. | С.П. | А.Д. | друго

цртеж:

РАСПОРЕД НА ФВ ПАНЕЛИ

Одговорен проектант:
д.е.и. Д-р Наташа Мојсоска
овластување бр.4.0360

А.4. Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

директор:
д.и.а. Јорго Шундовски

ревидирал:

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

технички број:
11-11/14

мерило	дата	лист бр.
1:50	02.2024	1



d.o.o.e.l.,,FORMI,, BITOLA
Друштво за проектирање,производство, трговија и услуги Битола
ул. "Бул. Први Мај" бб Битола
+389 47 202 701 +389 47 202 702
+389 47 254 422 факс
E-mail mimis@t-home.mk

лиценца за проектирање	А	бр. 022/А	Б	бр.

објект:

ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈА) со намена **Е 1.13** ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1MW

локалитет:

КП4279/1 КП 4280 И КП 4283,
КО КУКУРЕЧАНИ, ОПШТИНА БИТОЛА

инвеститор:

Сан Сајд ФТЦ ДОО Битола

фаза:

Е ЕЛЕКТРОТЕХНИКА | Г.В. | В.И. | К.И. | С.П. | С.П. | А.Д. | друго

цртеж:

РАСПОРЕД НА ИНВЕРТОРИ

Одговорен проектант:
д.е.и. Д-р Наташа Мојсоска
овластување бр.4.0360

А.4. Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

директор:
д.и.а. Јорго Шундовски

ревидирал:

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

технички број:
11-11/14

мерило	дата	лист бр.
1:50	02.2024	2



d.o.o.e.l.,,FORMI,, BITOLA
Друштво за проектирање,производство, трговија и услуги Битола
ул. "Бул. Први Мај" бб Битола
+389 47 202 701 +389 47 202 702
+389 47 254 422 факс
E-mail mimis@t-home.mk

лиценца за проектирање	А	бр. 022/А	Б	бр.

објект:

ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈА) со намена **Е 1.13** ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1MW

локалитет:

КП4279/1 КП 4280 И КП 4283, КО КУКУРЕЧАНИ, ОПШТИНА БИТОЛА

инвеститор:

Сан Сајд ФТЦ ДОО Битола

фаза:

Е ЕЛЕКТРОТЕХНИКА | Г.В. | В.И. | К.И. | С.П. | С.П. | А.Д. | друго

цртеж:

ЗАЗЕМЈУВАЊЕ

Одговорен проектант:
д.е.и. Д-р Наташа Мојсоска
овластување бр.4.0360

А.4. Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

директор:
д.и.а. Јорго Шундовски

ревидирал:

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

технички број:
11-11/14

мерило	дата	лист бр.
1:50	02.2024	3



Трансформатор маслен 1000kVa TOHn 388/22
3x20/0,4/0.231kV; 50Hz; DYn5
Uk=6%; ладење ONAN





- СТРУЈНИ ТРАНСФОРМАТОРИ ВО ТРИТЕ ФАЗИ
- ГНАПОНСКИ ТРАНСФОРМАТОРИ ВО ТРИТЕ ФАЗИ
- МИКРОПРОЦЕСОРСКА ЗАШТИТА SEPAM 40
- ВИСОКОНАПОНСКИ ИНДИКАТОР (ТИЊАЛИЦА)
- РАСТАВУВАЧ НА МОЌНОСТ
- ЕНЕРГЕТСКИ ТРАНСФОРМАТОР СПРЕГА Dy СО ЗАЗЕМЈЕНО ЗВЕЗДИШТЕ
- ТРОПОЛЕН ПРЕКИНУВАЧ

d.o.o.e.l.,,FORMI,, BITOLA
Друштво за проектирање,производство,
трговија и услуги Битола
ул. "Бул. Први Мај" бб Битола
+389 47 202 701 +389 47 202 702
+389 47 254 422 факс
E-mail mimis@t-home.mk

лиценца за проектирање	А	бр. 022/А	Б	бр.

објект:
ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈА) со намена **Е 1.13 ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1MW**

локалитет:
КП4279/1 КП 4280 И КП 4283,
КО КУКУРЕЧАНИ, ОПШТИНА БИТОЛА

инвеститор:
Сан Сајд ФТЦ ДОО Битола

фаза:
Е ЕЛЕКТРОТЕХНИКА Г.В.
В.И. К.И. С.П. С.П. А.Д. друго

цртеж:
Еднополна шема на ТС
10(20)/0.8kV со приклучок на
НН дел

Одговорен проектант:
д.е.и. Д-р Наташа Мојсоска
овластување бр.4.0360

Д-р НАТАША МОЈСОСКА
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
А.4. ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

директор:
д.и.а. Јорго Шундовски

ревидирал:

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

технички број:
11-11/14

мерило	дата	лист бр.
1:50	02.2024	4



- ФОТОВОЛТАИЧЕН СТРИНГ ОД 20 МОДУЛИ НА ЕДЕН ВЛЕЗ ОД ИНВЕРТОР

- МЕРЕН ОРМАР СО ДВОНАСОЧНО ЕЛЕКТРИЧНО БРОИЛО СО GPS МОДЕМ

- ЕНЕРГЕТСКИ ТРАНСФОРМАТОР СПРЕГА Dy5 СО ЗАЗЕМЈЕНО SBEЗДИШТЕ

- ТРОПОЛЕН ОСИГУРУВАЧ ВО КУЌИШТЕ

- ИНВЕРТОР БРОЈ X HUAWEI SUN 2000-250 KTL СО 10 ВЛЕЗА СО MPPT

d.o.o.e.l.,,FORMI,, BITOLA
Друштво за проектирање,производство, трговија и услуги Битола
ул. "Бул. Први Мај" бб Битола
+389 47 202 701 +389 47 202 702
+389 47 254 422 faks
E-mail mimis@t-home.mk

лиценца за проектирање	А	бр. 022/А	Б	бр.

објект:

ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈА) со намена **Е 1.13 ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1MW**

локалитет:

КП4279/1 КП 4280 И КП 4283,
КО КУКУРЕЧАНИ, ОПШТИНА БИТОЛА

инвеститор:

Сан Сајд ФТЦ ДОО Битола

фаза:

Е ЕЛЕКТРОТЕХНИКА | Г.В. | В.И. | К.И. | С.П. | С.П. | А.Д. | друго

цртеж:

Еднополна шема DC/AC врски инвертори - разводна табла

Одговорен проектант:
д.е.и. Д-р Наташа Мојсоска
овластување бр.4.0360

А.4. Д-р НАТАША МОЈСОСКА дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0360

директор:
д.и.а. Јорго Шундовски

ревидирал:

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

технички број:
11-11/14

мерило	дата	лист бр.
1:50	02.2024	5